КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-479
23.06.2015 год.
СКОПЈЕ

**Правилник за НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТИ кои ќе се изведуваат во Република Македонија, а се изработени според странски прописи**

Член 1

Постапката за нострификација на проектите изработени според странски прописи, се врши во согласност со одредбите од *Законот за градење* (Службен весник на РМ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15) и со *Правилникот за постапката за нострификација, содржината на писмениот извештај, согласноста за нострификација и начинот на заверување на проектите од страна на комисијата* (Службен Весник број 153/2009)

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ И КОМИСИЈА ВО КОМОРАТА

Член 2

Согласно, член 55 став 2 од Законот за градење, проектите предмет на нострификација, пред да се нострифицираат инвеститорот ги приложува преведени на македонски јазик и на неговото кирилско писмо, како и на друг службен јазик различен од македонскиот јазик, согласно со закон. Со преводот се приложува и изворниот текст на странскиот јазик.

Член 3

(1) Нострификацијата на проектите ја спроведува Комората на овластени архитекти и инженери преку комисија составена од најмалку три члена, која ја формира Претседателот на Комората на овластени архитекти и инженери.

(2) При составување на комисијата, Претседателот на Комората води грижа членовите на комисијата да имаат А овластување од соодветната област предмет на нострификација, и да бидат докажани експерти со најмалку 15 годишно работно искуство во својата област.

Член 4

Потребни документи што се поднесуваат за нострификација на проект се следни:

1. Барање за НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТ во Република Македонија (Формулар бр. 1)
2. Проектот во оригинал (на странски јазик)
3. Превод на проектот (на македонски јазик).
4. Копија од Лиценцата (Сертификат) на правниот субјект од државата од која потекнува странскиот правен субјект (копија на оригиналниот документ на странски јазик)
5. Копија од овластувањето на главниот проектант (оригинал на јазикот на домицилната држава)
6. Превод на секое поднесено овластување/лиценца од овластен преведувач (нотарски заверен)*
7. Копија од ревидентскиот извештај за проектот (задолжително). Доколку ревизијата е вршена во странство, да се достави копија од ревизијата на странски јазик и преведена на македонски.
8. Уплатница за нострификација, согласно утврдената тарифа за нострификацијата. Уплатницата се доставува откако комисијата ќе го разгледала проектот и ја утврди висината на тарифата.

## ПОСТАПКА ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА

### Член 5

(1) Комплетираните документи од 1 до 8 се поднесуваат во архивата на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија.

(2) Во рок од 3 (три) дена по приемот на барањето, Претседателот на Комората формира Комисија од најмалку три члена. Бројот на членови ќе зависи од тоа колку фази од проектот треба да се нострифицираат, како и од големината и вредноста на проектот. Претседателот на Комората назначува Претседател на комисијата. Претседател на комисијата е лице кое има релевантно експертско искуство кое е е најблиску до содржината на проектот.

(3) Во рок од 5 (пет) дена од назначувањето, Претседателот на Комисијата ја свикува комисијата. Комисијата најпрво утврдува три основни параметри:

- дали документацијата е комплетна, и доколку не е, се бара соодветно дополнување на истата од поднесителот.
- дали е доставен ревидентски извештај без забелешки. Доколку не е доставен ревидентски извештај, се бара од поднесителот да го достави истиот во најкус можен рок. Ревидентскиот извештај може да биде изработен од домашно или од странско лице, а предмет на ревизијата е точноста на проектот изработен согласно странските прописи.
- Претседателот на комисијата за нострификација, во консултација со членовите на комисијата ја утврдува висината на тарифата за нострификација, која ќе зависи од комплексноста на проектот, бројот на ангажирани експерти од разни инженерски фази и обемот на работа, и за истото го известува Претседателот на Комората, кој го известува поднесителот. Надоместот за нострификација се исплаќа во рок од 10 дена од известувањето за висината на нострификацијата.

(4) При прегледот на проектот, Комисијата треба да утврди дали проектот е во согласност со прописите за градење во Република Македонија. Доколку комисијата утврди дека проектот е усогласен со домашните прописи, подготвува СОГЛАСНОСТ ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА на проектот во Република Македонија, на образец согласно Правилникот од Министерството за транспорт и врски.

(5) Доколку Комисијата утврди дека проектот не е усогласен со прописите за градење во Република Македонија, комисијата изготвува детален извештај за потребните корекции во проектот. Поднесителот на барањето, по извршените корекции, а најдоцна во рок од 3 месеци по добиениот извештај го враќа проектот на повторно разгледување од комисијата. Доколку поднесителот и по овој рок не достави проект со извршени корекции, Претседателот на Комората донесува решение за неусогласеност на проектот со македонските прописи.

(6) Доколку проектот содржи статички пресметки, подносителот задолжително го доставува проектот до институцијата овластена да издава мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата, во согласност со Законот за градење. По издаденото мислење, проектот заедно со мислењето се доставува до Комората која продолжува со нострификацијата на проектот. Рокот за изработка на согласноста за нострификација од Комората се продолжува со бројот на денови потребни да се изготви мислењето од овој став.

(7) Комисијата треба да донесе решение најдоцна во рок од 60 дена од доставата на комплетната документација, и за истото да го извести Претседателот на Комората. Во рок од 3 (три) дена од добивање на известувањето од Комисијата, Претседателот на Комората ја потпишува СОГЛАСНОСТ ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ во Република Македонија. Потврдата има регистерски број и е заведена во деловодната книга и објавена во електронскиот „Именик на нострифицирани ПРОЕКТИ изработени според странски прописи , коишто ќе се изведуваат Република Македонија". Називот на проектот во именикот се испишува и на писмо и јазик како што е во оргиналниот документ од кој се утврдува веродостојноста. Именикот се води во електронска форма. Целокупната документација се архивира во Деловодник на Комората.

М-р Блашко Димитров

Претседател на Комората

# ОБРАСЦИ И ФОРМУЛАРИ

Формулар 1

**до** КОМОРА
на овластени архитекти и овластени
инженери на Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **Комисија за нострификација на проекти** | член55од **ЗГ** (бр. 130 од 28.0ктомври.2009) |
| Деловоден број на предметот (пополнува комората) | |
| Дата на прием: (пополнува комората) | час: |
| Предмет: | **НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТ** |

# БАРАЊЕ

## ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТ изработен според странски пропис, којшто ке се изведува во Република Македонија

**Врз основа Член 55 од Законот за Градење и Правилникот за постапката за нострификација, содржината на писмениот извештај, согласноста за нострификација и начинот на заверување на проектите од страна на комисијата (Службен Весник број 153/2009),**
**бараме да извршите НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТ, којшто ќе се изведува во Република Македонија**

| | |
|---|---|
| Целосен назив на Субјектот* | |
| Наслов на проектот и архивски број | |
| Натамошни контакти | (Име и презиме и телефонски број) |

Во прилог поднесуваме:

1. Барање за НОСТРИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТ во Република Македонија (Формулар бр. 1)
2. Проектот во оригинал (на странски јазик)
3. Превод на проектот (на македонски јазик).
4. Копија од Лиценцата (Сертификат) на правниот субјект од државата од која потекнува странскиот правен субјект (копија на оригиналниот документ на странски јазик)
5. Копија од овластувањето на главниот проектант (оригинал на јазикот на домицилната држава)
6. Превод на секое поднесено овластување/лиценца од овластен преведувач (нотарски заверен)*
7. Копија од ревидентскиот извештај за проектот (задолжително). Доколку ревизијата е вршена во странство, да се достави копија од ревизијата на странски јазик и преведена на македонски.
8. Уплатница за нострификација, согласно утврдениот надомест/тарифа за конкретната нострификација.

**Подносител:**

**Потпис**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
К 0 М 0 Р А НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

# И М Е Н И К

## н а  Н О С Т Р И Ф И Ц И Р А Н И  П Р О Е К Т И

### изработени според странски прописи кои ќе се изведуваат во Република Македонија,

Н О С Т Р И Ф И Ц И Р А Н И   П Р О Е К Т И

| Број на потврдата | Назив на проектот на македонски јазик | Назив на проектот во оригинал | Датум на издавање на потврдата | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**Област *) ПЛА = ПЛАНЕР, АРХ = АРХИТЕКТУРА, ГРА = ГРАДЕЖНИШТВО, МАШ = МАШИНСТВО, ЕЛЕ=ЕЛЕКТРОТЕХНИКА, СООБ=СООБРАЌАЈ, ГЕОТ = ГЕОТЕХНИКА, ИЖС = ИНЖЕНЕРСТВО ЗАЖИВОТНА СРЕДИНА, ГЕОД = ГЕОДЕЗИЈА, ЗПР = ЗАШТИТА ПРИ РАБОТД ПУ = ПРОСТОРНО УРЕДУВАЊЕ, ТМ = ТЕХНОЛОГИЈА, МЕТАЛУРГИЈА**